РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-560/5
10-11-2020
______г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ------------------------, на 40-та седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1542/1 од 16.03.2019 година оформен по пријава од ------- подносителот -------------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1542/1 од 16.03.2019 година, од причина што во конкретниот случај постапиле надлежни државни органи - Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука кои што презеле се соодветни дејствија и мерки од нивната надлежност.

Предметот со број 12-1542/1 од 16.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука со образоложение.

Одлуката на ДКСК, со образложеието, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1542/1 од 16.03.2019 година е оформена врз основа на добиени пријава од подносителот ------------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за неправилности и прекршување на членот 135 став 1 од Законот за основно образование во постапката за именување на вршител на должност директор од редот на вработените во ООУ ---------------- на неколку наврати 2018 и 2019 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за надлежно постапување со број 12-560/1 од 27.01.2020 година до Државниот просветен инспекторат со која побара да се изврши вонреден инспекциски надзор на постапката за именување на вршител на должност директор од редот на вработените во ОУ ------------------- на неколку наврати во 2018 и 2019 година и за резулатите од надзорот да ја извести Државната комисија.

Од Државниот просветен инспекторат до Државната комисија е доставено Известување со број 09-187/2 од 07.02.2020 година во кое се наведува дека Инспекторат извршил вонреден инспкциски надзор во ООУ --------------------- на 14.01.2019 година и контролен инспекциски надзор на 31.01.2019 година, што е видно од приложените документи-Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор бр. ИП 09-1/1 од 14.01.2019 година и Записникот од извршен контролен

инспекциски надзор бр. ИП1 09-1/3 од 31.01.2019 година. Од извршениот инспекциски надзор во ООУ --------------- во 14.01.2019 година констатирано е дека при именување на ВД Директор на училиштетото не е постапено согласно член 128 став 3 и член 135 став 1 и 2 од Законот за основно образование. Со допис број 09-01/2 од 14.01.2020 година бил известен Градоначалникот на општина Гостивар дека при именување на должноста ВД директор од редот на вработените во ООУ --------------------- не е постапено согласно член согласно член 128 од Законот за основно образование и му бил даден рок од 8 дена да преземе активности за надминување на сторените повреди при именување на ВД Директор на училиштето.

На ден 31.01.2019 година бил извршен контролен инспекциски надзор при што е констатирано дека од страна на Градоначалникот на општина Гостивар не се превземени активности по Укажувањето бр.09-1/2 од 14.01.2019 година за отклонување на сторените пропусти во однос на именување на вршител на должност директор од редот на вработените во ООУ "Перпаримии" с.Чегране, Гостивар.

ДКСК со допис број 12-560/3 од 11.08.2020 година побара од Државниот просветен инспекторат да биде известена дали е постапено по наводите утврдени во Записникот од извшрен контролен надзор во ООУ --------------------, бр. ИП 09-1/1 од 14.01.2019 година и Записникот од извршен контролен инспекциски надзор во истото училиштето бр. ИП1 бр. 09-1/3 од 31.01.2019 година и кои мерки и активности се преземени со цел надминување на констатираните повреди на законските прописи од страна на Државниот просветен инспекторат.

Од Државниот просветен инспекторат е доставен допис со број 09-602/2 од 31.08.2020 година во кој е наведено дека по извршен контролен инспекциски надзор на 31.01.2019 година констатирано е дека од страна на Градоначалникот на општина Гостивар не се превземени активности по Укажувањето бр.09-1/2 од 14.01.2019 година за отклонување на сторените пропусти во однос на именување на вршител на должност директор од редот на вработените во ООУ ----------------------. Воедно, во известувањето е наведено дека по извршените инспекциски надзори во останатите училишта во општина Гостивар по доставени инцијативи во однос на постапките за разрешување на директори од страна на Државен просветен инспектор со допис бр. 09-139/3 од 08.02.2019 година е доставена Информација до Миностерот за образование за сторените неправилности во разрешувањето на директорите во основните и средните училишта во општина Гостивар од страна на градоначалникот.

Врз основа на добиените податоци од Државниот просветен инспекторат, министерот за обрзование донел Решение за одземање на вршење на работи од надлежност на Градоначалникот на општина Гостивар бр. 08-2133/1 од 12.02.2019 година во траење од 9 месеци. Со ова решение се прекинати сите понатамошни постапки од страна на Државниот просветен инспекторат. Решението е донесено во согласност со Законите за основното и средното образование, каде е утврдено дека Министерство за образование и наука го одзема вршењето на работите кои со закон се утврдени како надлежност на општината доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување одговорна е општината.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапиле надлежни државни органи (Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука) кои во рамките на своите законски надлежности презеле конкретни дејствија и активности согласно закон во насока на надминување на сторените неправилности и незаконитости од органите на општината во постапките за именување и разрешување на директори во општина Гостивар. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**